# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# ОПШТИНА НЕГОТИНО

31.08.2026 | број 10 | Излегува по потреба



**Адреса: ул. „ Ацо Аџи Илов “ бр.2** **тел: 043 361-045**

**e-mail: sovet@negotino.gov.mk** **www.negotino.gov.mk**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за донесување на предлог план Детален урбанистички план за Урбана единица 4, дел од Блок 13 (помеѓу улиците Маршал Тито, Ставре Ставрев и Ацо Аџи Илов), општина Неготино**

Се објавува **Одлука за донесување на предлог план Детален урбанистички план за Урбана единица 4, дел од Блок 13 (помеѓу улиците Маршал Тито, Ставре Ставрев и Ацо Аџи Илов), општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/1**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 27, став 8 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. vесник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 27.08.2026 година ја донесе следната,

**О Д Л У К А**

**за донесување на предлог план Детален урбанистички план за Урбана единица 4, дел од Блок 13 (помеѓу улиците Маршал Тито, Ставре Ставрев и Ацо Аџи Илов), општина Неготино**

**Член 1**

Се утврдува конечен предлог план – предлог план **Детален урбанистички план за Урбана единица 4, дел од Блок 13 (помеѓу улиците Маршал Тито, Ставре Ставрев и Ацо Аџи Илов)**, општина Неготино , со тех. бр. 75/2025 од јуни, 2026 година изработен од „ИН-ПУМА“ Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје.

**Член 2**

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука содржи:
-**Текстуално образложение;**
**-Графички прилози според законските одредби;**
**-Одредби за реализација на урбанистичка документација;**
**-Извештај од извршена стручна ревизија изготвена од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн „СТУДИО АТРИУМ“ ДОО Штип, со тех.број РУ-13/25 од декември 2025 година**
**-Согласност број 21-3363/4 од 14.08.2026 година од Министерство за транспорт**

Член 3

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 1824/4**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 4 И ГП 5 (УЗ 8, дел од Блок 1) во Неготино**

Се објавува **Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 4 И ГП 5 (УЗ 8, дел од Блок 1) во Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/2**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РС“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за донесување на**
**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА СПОЈУВАЊЕ НА ГП 4 И ГП 5 (УЗ 8, дел од Блок 1) во Неготино**

**Член 1**

Се донесува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА СПОЈУВАЊЕ НА ГП 4 И ГП 5 (УЗ 8, дел од Блок 1) во Неготино** со тех. бр. 150-2212/2025 од јули, 2026 година изработен од ДПГИ ,,ВЕКТОР 90” Томе ДООЕЛ Струмица.

**Член 2**

*Урбанистички проект со план за парцелација од член 1 на оваа Одлука содржи:*
*-Текстуално образложение;*
*-Графички прилози според законските одредби;*
**-Извештај од стручна ревизија бр. 03-114/2026 од јули 2026 година изработена од ДПТУИ ,,Идеа-консалтинг” ДООЕЛ Струмица;**

**Член 3**

Ова Одлука стапува во сила со денот на објавување во **„Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 1824/5**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/3**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 20 б став 2 точка 15 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ " бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино ,, бр . 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Неготино

### Член 1

Се дава согласност **Годишниот план за вработување за 2027 година** на **Општина Неготино** со бр.**04-1816/1** од **14.08.2026** година.

### Член 2

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино " .**

**бр.08- 1824/6**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај на општина Неготино за периодот од 01.01.2026- 30.06.2026 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Квартален извештај на општина Неготино за периодот од 01.01.2026- 30.06.2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/4**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02 и ,,Сл.весник на РСМ “ бр.202/24 ), и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот 01.01.2026- 30.06.2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино** за периодот **01.01.2026- 30.06.2026 година** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 1824/ 7**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за финансиското работење на ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештај за финансиското работење на ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/5**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и Сл. Весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештај за финансиското работење на ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Извештајот за финансиското работење на ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026** година бр.**02- 171/2 од 17.07.2026** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 1824/8**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на ЗЈП „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/6**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 20 б став 2 точка 15 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ " бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино ,, бр . 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА " Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на **Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА " Кавадарци** со бр.**02-126/ 1** од **22.05.2026** година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино " .**

**бр.08- 1824/9**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/7**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и „ Сл. Весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Финансискиот извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “** Неготино за периодот од **01.01.2026** до **30.06.2026** година бр.**03-86/1** од **29.07.2026** година донесен од УО на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “** Неготино .

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 1824/ 10**
**17.07.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/8**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 20 а и член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ( „Службен весник на РМ “ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 143/19, 14/20 и 208/24 ) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**

**Член 1**

СЕ ДАВА согласност на **Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино** со **бр.04-87/1 од 04.08.2026** година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино“ .**

**бр.08- 1824/11**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ Комуналец “ Неготино за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ Комуналец “ Неготино за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/9**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и Сл. Весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ Комуналец “ Неготино за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Извештајот за финансиското работење на ЈП „ Комуналец “ Неготино** за периодот од **01.01.2026** до **30.06.2026** година бр.**02-401/3** од **04.08.2026** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08- 1824/ 12** **Совет на Општина**
**Неготино**
**17.07.2026 година** **Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/10**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 20 а и член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ( „Службен весник на РМ “ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 143/19, 14/20 и 208/24 ) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.08.2026** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

СЕ ДАВА согласност на **Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино** со **бр.04-418/1 од 17.08.2026** година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино“ .**

**бр.08- 1824/ 13**
**Неготино**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина**

**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање под закуп на недвижен имот - четири земјени тениски игралишта сопственост на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за давање под закуп на недвижен имот - четири земјени тениски игралишта сопственост на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/11**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 129 од Статутот на Општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино,,бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 И 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на **27.08.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за давање под закуп на недвижен имот - четири земјени тениски игралишта сопственост на општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Неготино дава согласност за давање под закуп на недвижен имот- **четири земјени тениски игралишта на КП бр.8125/2 , објект 2 евидентирани во имотен лист бр.8618** КО Неготино **, сопственост на општина Неготино**.

Просторот кој што ќе се издава под закуп е со вкупна површина од **3099 м$^2$**.

**Член 2**

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп по пат на јавно
наддавање со објава на јавен оглас во согласност со **Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост**(„Службен весник на РМ“ бр. 78/15,.... 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25).

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп за период од **10 (десет)** години.

**Член 3**

На јавниот оглас ќе може да учествуваат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица, кои ќе ги исполнуваат условите дефинирани во јавниот повик.

**Член 4**

Начинот на спроведување на постапката, критериумите за учество, содржината на понудата и почетната цена на закупнината ќе бидат дефинирани во јавниот повик.

**Член 5**

Основен критериум за избор на најповолен наддавач ќе биде највисоката понудена месечна закупнина.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Неготино ќе склучи договор за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 1 од оваа одлука, со најповолниот понудувач, заради регулирање на правата и обврските што произлегуваат од закупот на недвижниот имот.

**Член 7**

Средствата остварени од месечната закупнина се приход на Буџетот на општина Неготино.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино“.**

**бр.08- 1824/14**
**27.08.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Стратегија за развој на зеленило во општина Неготино**

Се објавува **Стратегија за развој на зеленило во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.08.2026** година.

**Бр.09- 1917/12**
**31.08.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**


НЕГОТИНО

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕЛЕНИЛО НА ОПШТИНА НЕГОТИНО 2026–2036

Неготино, 2026

**СОДРЖИНА**

1. Резиме
2. Правна и институционална рамка за развој и унапредување на урбаното зеленило
   - Правна рамка
   - Закон за урбано зеленило
   - Закон за урбанистичко планирање
   - Закон за градење
   - Закон за заштита на природата
   - Закон за експропријација
   - Закон за комуналните дејности
   - Закон за локална самоуправа
   - Закон за јавни претпријатија

3. Вовед
   - 3.1 Визија
   - 3.2 Стратешки цели
   - 3.3 Просторни приоритетни зони
   - 3.4 Приоритетни програми
   - 3.5 Профил на општина Неготино
   - 3.6 Општи карактеристики на општината
   - 3.7 Природни карактеристики
   - 3.8 Население
   - 3.9 Географски карактеристики
   - 3.10 Релјефни карактеристики
   - 3.11 Хидрографска мрежа
   - 3.12 Климатски карактеристики
   - 3.13 Основни карактеристики на земјиштето
4. Акциски план 2026-2036
   - 4.1 Стратешки документ за зеленило
   - 4.2 Придобивки од зелените површини
   - 4.3 Геолошки карактеристики

Пошуменост и друга вегетациска покриеност

5. Основни параметри за уредување на просторот
6. Визија, цели и показатели за одржлив развој на урбаното зеленило во општина Неготино
7. Гоцева шума
8. Насоки и приритетни за одржлив иден развој и проширување на зеленилото

| НАДЛЕЖЕН ОРГАН: |
|---|
| Општина Неготино |
| Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина |
| **НАСЛОВ:** |
| СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕЛЕНИЛО НА ОПШТИНА НЕГОТИНО 2026-2036 |

| | **СОРАБОТНИЦИ** | **ИНСТИТУЦИЈА** |
|---|---|---|
| 1. | Митко Толовски | Општина Неготино |
| 2. | Маја Јаневска | Општина Неготино |
| 3. | Весна Ѓорчева | Општина Неготино |
| 4. | Ристе Донев | Општина Неготино |
| 5. | Ивица Златковиќ | Општина Неготино |
| 6. | Сашко Димов | Ј.П Комуналец |

## Податоци за изработувачот на стратешкиот документ

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме на лицето за изработка на документот | м-р Цветанка Емшова | Општина Неготино |
| Контакт податоци за лицето | 076-656-065 | Cvet.emshova@yahoo.com |

Усогласеност на Стратегијата за урбано зеленило со други документи

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

1. **Локални плански документи**

- **Генерален урбанистички план (ГУП) на Неготино**

Стратегијата мора да биде во склад со просторната организација и предвидените зони за урбано зеленило, паркови, дрвореди и заштитени зони. Во случај на несогласување, се препорачува ревизија на ГУП или измена на стратегијата.

- **Локален еколошки акционен план (ЛЕАП):**

Има за цел подобрување на животната средина. Стратегијата за урбано зеленило треба да го поддржи ова преку мерки за зголемување на зелените површини, намалување на загадувањето и адаптација кон климатските промени.

Мора да бидат усогласени со активностите за одржување, уредување и проширување на зелените површини.

2. **Национални стратегии и планови**

- **Национална стратегија за животна средина и климатски промени:** Поттикнува урбано зеленило како мерка за климатска адаптација и намалување на топлинските острови во градовите.
- **Национален план за управување со биодиверзитет:** Стратегијата треба да го поддржи зачувувањето на автохтони видови и создавање еко-коридори во урбаната средина.
- **Стратегија за одржлив урбан развој на РСМ:** Налага интеграција на зелените елементи во урбаното планирање.

3. **Европски и меѓународни рамки (ако се применуваат)**

- **Зелен договор на ЕУ (EU Green Deal):**

Иако Македонија не е членка, стратегијата може да биде усогласена со вредностите и целите: зголемено зеленило, одржлив транспорт, циркуларна економија и намалување на $CO_2$.

- **UN Sustainable Development Goals (SDGs):**

Особено релевантни се Цел 11 (Одржливи градови и заедници) и Цел 13 (Акција за климата). https://sdgs.un.org/goals

## 1. РЕЗИМЕ

Последниве децении, многу земји во светот посветуваат сè поголемо внимание на потребата од справување со деградацијата на животната средина и климатските промени. Во овој контекст, на меѓународната сцена, за поддршка кон прилагодувањеи ублажување на климатските промени, управување со ризици и спречување на катастрофи, се зајакнува грижата за обезбедување на зелени простори и воспоставување на зелената инфраструктураво урбаните средини.

Новата Хабитат Агенда става уште поголем акцент на јавните отворени простори, вклучувајќи ги тука зелените урбани јавни простори, улиците, шеталиштата, велосипедските патеки, скверовите, градините и парковите како мултифункционални места за социјална интеракција, за здравје и добросостојба, за дијалог меѓу различни луѓе и култури, промовирајќи заедништво, поврзаност и социјална кохезија.

Основното мото на Стратегијата за развој на урбано зеленило во Општина Неготино е прифатениот став на општеството дека јавните зелени површини претставуваат добра од општ интерес и заради тоа треба да се сочуваат, да се унапредат и да се согледуваат како единствен систем во градот и неговото опкружување. Целта на подготовката на Стратегијата за развој на зеленилото е креирање на посеопфатна планска основа за чување на зелените површини во постојните граници (опфат), унапредување на квалитетот и мулти-функционалноста на зелените површини, чување на вредните биотопи, за обезбедување локации за нови зелени простори, рамномерна просторна дистрибуција и достапност на зелените површни и воспоставување единствен систем на зелени површини.

Поаѓајќи од мулти функционалните значења и вредности на јавните зелени простори, состојбите со јавните зелени површини се разгледуваат од следните аспекти:

- Застапеност /квантитет на урбаниот зелен систем /инфраструктура (површини, постигнати стандарди, разместеност, достапност)
- Поврзаност на отворените зелени простори и создавање услови за формирање и функционирање на зелен систем во урбаната средина и опкружувањето, односно на зелена инфраструктура;
- Квалитет на урбаните зелени простори;
- Озеленетите простори го структуираат градот, утврдувајќи ги најсоодветните места за градба од една страна, чувајќи ги постојните и создавајќи нови отворени зелени простори, од друга страна;
- Обезбедување идентитет на одредени локации во градот, давајќи им специфичен карактер, физиономија, изглед и препознатливост преку нивно озеленување или поврзување со парковите, крај речното зеленило, дрворедите и другото линиско зеленило, парк шумите, домашните градини и сл.

Анализирана е и правната основа за воспоставување на урбани зелени површини, како и институционалната рамка, односно

институциите кои се надлежни за планирање, подигање, одржување и реконструкција на зелените површини.

Зелените површини се важен дел од секој урбан комплекс, а покрај очигледната естетска улога, имаат и суштинско значење:

- да обезбедат чист воздух
- заштита на животната средина
- повеќе здравје за граѓаните

Денес, визија на секој град е да стане „Зелен град“, без голи бетонски површини, град каде дрвјата и разновидната вегетација ги красат улиците и населбите и придонесуваат за подигнување на квалитетот на воздухот и начинот на живеење.

Зелен град не подразбира само инвестиции во зеленило, тоа е комплексен систем кој вклучува многу области и чинители. Затоа е исклучително важно, инвестициите во урбаното зеленило бидат применети во сите области.




*Слика 1. Концепт на зелен град*

## 2. ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО

**Правна рамка**

### а. *Закон за урбано зеленило*

Законот за зеленило, донесен во 2016 година, е прв правен документ кој во соодветна законска форма регулира бројни прашања поврзани со јавните зелени површини, од нивното планирање до нивното одржување. Во 2018 година, Законот за зеленило беше заменет со нов - Закон за урбано зеленило. Со овој Закон се регулираат низа аспекти релевантни за урбаното зеленило, имајќи за цел управување со урбаното зеленило на начин кој трајно ќе ги сочува и зголеми неговите вредности. Со Законот се регулираат низа аспекти, од планирање и дефинирање на стандарди и нормативи за планирање и одржување до воспоставување систем за управување и финансирање на урбаното зеленило. Законот ги опфаќа зелените површини во границите на планскиот опфат на урбанистичките планови и другата урбанистичко планска документација, како и зелените површини во непосредното опкружување на градот кои се користат како рекреативни или заштитни/заштитени подрачја.
Дефинирајќи ги основните принципи за заштита и унапредување на зеленилото, во Законот се утврдени низа заложби од кои за истакнување е принципот за интегрираност што подразбира дека зелените урбани простори како природни вредности треба да се вградат во стратешките определби за одржлив развој и создавање на долгорочна развојна политика на системот на зелени површини.
Стратегијата за развој на зеленилото дава насоки за изработка на Генералниот урбанистички план, со цел да се овозможи креирање на основната зелена инфраструктура на еден град/населба, да се обезбедат земјишта и простори за оваа намена, да се заштитат постојните урбани зелени површини од пренамена, јавноста поблиску да се запознае со политиките за одржлив развој и мултифункционалното значење на зелените урбани простори и активно да се вклучи во креирањето на развојот на градот.
Законот за урбано зеленило, донесен 2018 година на најсеопфатен начин ги согледува прашањата поврзани со урбаното зеленило. Другите закони обработуваат различни аспекти за урбаните зелени површни. Така, Законот за урбанистичко планирање се занимава со планирање на земјиште/простор наменет за зеленило, Законот за градба само со одредени аспекти на градба/создавање на зелени простори а Законот за комунални дејности со начинот на подигање, одржување и реконструкција на зелените површини. Затоа, во продолжение ќе бидат прикажани основните законски решенија кои се однесуваат на урбаните зелени површини.
Дополнително, Законот за урбано зеленило утврдува дека со ГУП за град треба да се обезбеди простор/земјиште од 25 $m^2$/жител за јавно урбано зеленило. Секоја градежна парцела треба да обезбеди земјиште наменето за зеленило од најмалку 20% од вкупната површина на градежната парцела. Таму каде веќе има изградено објекти и не постојат просторни

можности на парцелите да се

обезбеди зеленило, предвидени се мерки на компензација со формирање дрвореди, вертикално и зеленило во жардинирери и кровни тераси.
Заштитата на зеленилото се обезбедува со имплементација на Законот за урбано зеленило, а зелениот катастар обезбедува евидентирање на бројот, видот, возраста, состојбата, локацијата на дрвјата, грмушките и другите повеќегодишни растенија, што треба да биде основа при подготвувањето на урбанистичката документација.
Законот утврдува низа дозволени и забранети активности, всушност мерки кои се однесуваат на начинот на одржување и нега на зеленилото.
Финансирањето на јавното зеленило според овој Закон се обезбедува согласно приходите од надоместокот за уредување на градежно земјиште, од делот за заедничката комунална потрошувачка, во минимален износ од 2,5%. Средствата може да се обезбедуваат и од други извори како што се комунална такса за користење на јавните зелени површини за манифестации, приходи од надоместок за поставување рекламни паноа и истакнување на фирми во минимален износ од 5%, приходи од донации, кредити и заеми. Средствата за подигање, одржување, заштита и реконструкција на останатото зеленило ги обезбедува сопственикот или корисникот на објектот, односно локацијата.
Надзор над спроведување на овој закон вршат Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Министерството за Транспорт, а инспекциски надзор вршат комуналните инспектори на Општината.
Законот за урбано зеленило предвидува подигањето на зеленилото да се врши согласно соодветна проектно-техничка документација и дека акт за употреба на објект не може да биде издаден ако не е реализирано зеленилото предвидено со проектот. Но и во Законот за урбано зеленило се содржани одредени нејаснотии и недоречености околу планирањето и проектирањето на зелените површини. Имено, Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото, односно на урбаните зелени површини, утврдува задолжителна подготовка на Основен план за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото.
Согласно член 12 од Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18 и 42/2020), секоја општина има обврска да подготви и предложи Стратегија за развој на зеленилото на одредена општина (во понатамошниот текст: Стратегија), до Советот на единицата на локална самоуправа. Целта е општината да креира плански решенија во делот на зеленилото при изработка на сите планови и проекти и да ја следи неговата реализација во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило.
Со овој закон се уредува планирањето, проектирањето, подигањето, одржувањето, заштитата и реконструкцијата на урбаното зеленилото, финансирањето и управувањето со него, како и надзорот над примената на одредбите на овој закон.
Под урбано зеленило се подразбираат зелените површини во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичко-планска документација, регулациски план на Генерален урбанистички план, архитектонско урбанистички проект, како и зелените површини во непосредна близина на градот, надвор од планскиот опфат, кои со посебен акт се дадени под надлежност на општините со седиште во градот, како

парк-шуми, спортско- рекреативни центри и друго.

### b. *Закон за урбанистичко планирање*

Како што е веќе споменато, обезбедувањето на простор/земјиште, кое се наменува за јавно урбано зеленило, се остварува со урбанистичка документација. Затоа е важно да се согледаат и ставовите на Законот за урбанистичко планирање и соодветниот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање, кои имаат допирни точки со планирањето на урбаното зеленило. Со Законот системски и хиерархиски се уредува урбанистичкото планирање и се дефинира организацијата, намената, формата и начинот на употребата на просторот и земјиштето, како и просторните и функционалните услови за изградба и употреба на планираните градби. Според ова се утврдува и земјиштето кое се наменува за зеленило од различен вид. Со овој Закон за урбаното зеленило, односно урбаните зелени површини, се дефинирани како „неизградено градежно земјиште“ и утврдено е дека „непарцелирано градежно земјиште е градежно земјиште на кое не се формирани градежни парцели, земјиште што е ограничено со регулациски линии и кое служи за општа употреба односно за изградба на јавните простори: улици, плоштади, инфраструктури, урбано зеленило и друго.

Урбаното зеленило се утврдува со урбанистички планови и тоа за град со генерален урбанистички план, а неговата разработка е со детални урбанистички планови. Во урбанистичките планови се одредуваат класи на намена, меѓу кои и класата „Д“ - зеленило, рекреација и меморијални простори.Покрај основните содржини, урбанистичките планови задолжително содржат мерки за озеленување со процентуална застапеност на површините под зеленило (во планскиот опфат на генералниот урбанистички план) и во просторните единици (за кои се подготвуваат детални урбанистички планови).

Во Правилникот за урбанистичко планирање, подетално е обработено урбаното зеленило со детални одредби и насоки за зелените површини како што следува:

-Намената на земјиштето во урбанистичките планови се утврдува преку систем на класи на намени во кои групата „Д“ го опфаќа зеленилото, просторите за рекреација и меморијалните простори, со повеќе типови на зелени простори;

-Планските одредби за развој на зелената инфраструктура и видови на зелената инфраструктура;

-Основните категории на зелените површини, според начинот на користење;

-Типологијата на зелената инфраструктура;

-Класификација на надлежностите за планирање, подигање и одржување на зелената инфраструктура, при што е нагласено дека категоријата на јавно зеленило е содржина на сите видови на урбанистички планови и урбанистички проекти, а останатите категории (полујавно и приватно зеленило) се обезбедуваат со задолжителен процент на озеленетост како стандард во рамките на градежна парцела;

-Општиот стандард за зелената инфраструктура;

-Препорачаната вкупна застапеност на површини со зелени урбани инфраструктури во однос на вкупната територија на градот;

-Процентот на озеленетост во рамки на градежната парцела, блокот или четврта;

-Препораките за оддалеченост на парковите од очекуваните корисници и нивната минимална површина;
-Широчината на појасите кои имаат заштитна функција од сообраќајниците;
-Димензиите и зеленилото на уличен профил.
Особено треба да се обрне внимание на член 179 од Правилникот за урбанистичко планирање каде се дефинира определбата за заштита на зелените површини, согласно која се утврдува дека со урбанистички план не може да се пренамени земјиште коешто е уредено или планирано како вид на урбано зеленило. Односно, пренаменувањето земјиште, коешто е уредено или планирано како вид на урбано зеленило е можно само со урбанистички план во чијшто плански опфат ќе се предвиди алтернативна површина со зеленило со еднаква или поголема површина од постојната, чијашто претходна реализација во просторот е услов за спроведувањето и градењето на пренаменетата површина.

### c. *Закон за градење*

Со овој закон се уредуваат градењето, основните барања на градбата, потребната проектна документација за добивање на одобрение за градење, правата и обврските на учесниците во изградбата, начинот на употреба и одржување на градбата, како и други прашања од значење за градењето. Со Законот, покрај другото се определуваат категориите на градби, така што во втората категорија на градби припаѓаат зелените зони и јавните паркови. Важна е одредбата на овој Закон дека правно и физичко лице, кое е инвеститор на градба, е должно да подигне зеленило за приватна употреба, кое е предвидено како придружна содржина на градбата, доколку во планската документација е утврден процент на озеленетост на предметната градежната парцела, најдоцна до издавање на одобрение за употреба, односно изготвување на извештај за технички преглед за градбата.

### d. *Закон за заштита на природата*

Во Законот се транспонирани одредби од двата најважни инструменти на Европското законодавство за заштита на природата, односно биолошка разновидност, а тоа се: Директивата за зачувување на природните живеалишта на дивата фауна и флора (92/43/ЕЕС-ХАБИТАТ Директивата) и Директива за зачувувањето на дивите птици (147/2009/ЕС) кои истовремено се основа за воспоставување на мрежата Натура 2000 Еколошката мрежа Натура 2000 е воспоставена на териториите на земјите членки на ЕУ со цел обезбедување на биолошката разновидност преку зачувување на природните живеалишта и на дивата флора и фауна. Обврската за воспоставување на Натура 2000 произлегува од членот 3 на Директивата за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (92/43/ЕЕС). Мерките преземени според оваа директива се наменети за одржување или за обновување до поволна состојба на зачуваност на природните живеалишта и на дивите растителни и животински видови кои се од интерес на Европската Унија.

Во Законот за заштита на природата е предвидено воспоставување национална еколошка зона во чиј состав покрај еколошки значајните подрачја влегува и системот на еколошки коридори, заштитените подрачја и подрачјата предложени за заштита, како и еколошки значајните подрачја за Европската Унија - Натура 2000. Еколошки мрежи претставува систем на меѓусебно поврзани или просторно блиски еколошки значајни подрачја, поврзани со природни или вештачки коридори, кои со урамнотежена биогеографска распореденост значително придонесуваат за заштитата на природната рамнотежа и биолошката разновидност.

### е. *Закон за експропријација*

Со овој Закон се дефинира јавниот интерес како уредување, рационално користење и хуманизација на просторот, заштита и унапредување на животната средина и на природата со градење на објекти и изведување на работи од значење за државата и единиците на локалната самоуправа, предвидени со актите за планирање на просторот.
Со Законот е дефинирано дека за јавен интерес од локално значење се уредува и градењето на објекти за општа употреба, како што се: плоштадите, општинските патишта и јавните паркови.
Во Законот е регулирана целокупната постапка за експропријација. Се дефинира кој може да биде предлагач за експропријација, содржината на податоците кои се опфатени со предлогот за експропријација и целокупната пропратна документација, издавањето на решението за експропријација, владението на експроприираната недвижност и откажувањето на предлогот за експропријација, како и постапката за поништување на решението за експропријација.
Во Законот е предвидено дека кога експропријацијата се врши заради изградба на објект од јавен интерес или објект за вршење дејност од јавен интерес (ги опфаќа и јавните паркови), предлогот за експропријација го поднесува државниот правобранител или единицата на локалната самоуправа и градот Скопје, по претходна иницијатива на правно лице кое има намера да го реализира јавниот интерес. Притоа за прифаќање на иницијативата соодветно одлучува Владата на Република Северна Македонија, односно советот на единицата на локалната самоуправа и градот Скопје.

## f. *Закон за комуналните дејности*

Комуналните дејности во Законот за комунални дејности се дефинирани, меѓу останатите активности, како: одржување, чистење и користење на паркови, зоолошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки. Сите овие активности, кои се однесуваат на одржување на јавната чистота, одржување и чистење и користење на паркови, зоолошки градини, парк шуми, рекреативни површини и зеленило спаѓаат во т.н. услуги за задоволување на заедничка потрошувачка. Од Законот за комунални дејности произлегува обврската на општината за донесување планови и годишни програми за развој на комуналните дејности во согласност со локалните потреби и услови. Законот ја воспоставува и основата за формирање на цените на услугите. Заради подетално уредување на односите во комуналните дејности, советот на општината донесува Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, со која меѓу другото се пропишува и уредувањето, одржувањето, чистењето и користење на парковите, зоолошките градини, зелените и рекреативни површини и парк шумите во населените места. Законот ги дефинира изворите од каде може да се приберат средствата за финансирање и развој на комуналните дејности. Така, предвидено е средства да се обезбедуваат од: надоместок (цена) за дадена комунална услуга за индивидуална комунална потрошувачка утврдена со закон, надоместок за користење на објекти и дадена комунална услуга за заедничка комунална потрошувачка утврдено со закон, комунална такса утврдена со закон, надоместок за уредување на градежното земјиште утврден со закон, средства од буџетите на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, средства обезбедени од самопридонес и средства обезбедени од донации, кредити и други извори определени со закон.

## g. *Закон за локална самоуправа*

Со овој Закон активностите за конкретни области на животната средина се префрлени од национално на локално ниво. Имено, единиците на локалната самоуправа се надлежни за преземање мерки за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштитата на природата, заштитата од бучава и нејонизирачкото зрачење, а имаат надлежност и во комуналната сфера, урбанистичкото и руралното планирање и други области кои се поврзани со заштитата на животната средина и природата. Општините се надлежни за комунални дејности што вклучуваат одржување и користење на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини. Заради извршување на своите надлежности, согласно Законот за локална самоуправа, советот на Општина Кавадарци основа јавни служби.

### h. *Закон за јавни претпријатија*

Согласно Законот за јавни претпријатија, јавните претпријатија извршуваат стопански дејности од јавен интерес. Самите единици на локалната самоуправа не вршат услуги, но донесуваат одлуки за тоа како ќе се организира вршењето на услугите. Тие имаат право на организирање на услугите во своето подрачје преку своите претпријатија или преку претпријатијата на кои им издале дозвола. Тие помагаат во финансирањето на ваквите услуги и имаат право да ја одобрат цената на услуги. Согласно законската регулатива, и спецификата на општина Неготино за потребите на граѓаните, вршењето на комуналните услуги на подрачјето на Општината ги вршат следните јавните претпријатија: ЈП „Комуналец“, ЈП „Паркинг-Неготино“.

## 3. ВОВЕД

### 3.1 Визија

Неготино како зелена, здрава и климатски отпорна општина, со квалитетни јавни зелени површини, заштитени дрвореди и поврзани зелени коридори од градското јадро до периферните населби и лозарските појаси.

Ова за нас е премногу важно поради високите летни температури во Повардарието, каде зелената инфраструктура има директен ефект врз намалување на топлинскиот стрес.

Клучните локални проблеми за Неготино
- Силни летни горештини;
- Урбани топлински острови во централното подрачје;
- Недостиг на сенка на улици и плоштади;
- Сушни периоди и воден стрес за садниците;

Урбани
-недоволни дрвореди по сервисни и станбени улици;
-делулно деградирани мали паркови;
-бетонски јавни површини околу институции;
-нералномерна распределба на зеленило по населби;

Периурбани и рурални
-недоволни заштитни зелени појаси кон земјоделски површини;
-ерозија на периферни косини;
-слаб зелен коридор кон селата;
-недоволно озеленети пристапни патишта;

### 3.2 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Цел 1: Урбано зеленило
- +20% зелени површини во градот;
- 5 км нови дрвореди;
- Минимум 3 нови микро- паркови;
- Зелени дворови кај сите основни училишта;

Цел 2: Климатска адаптација

-намалување на температура на критични улици за 2-3°
-rain gardens кај булевари;
-зелени кровови на општински објекти;

### 3.3 Просторни приоритетни зони за Неготино

Зона А- Централно градско јадро
Приоритет:
-сенка;
-плоштадно зеленило;
-урбани дрвја;
-декоративни цветни појаси;

Зона Б- Станбени блокови и улици
-квартовски паркови;
-pocket parks;
-детски игралишта со сенка;
-обновување на старите дрвореди;

Зона В-Индустриска/ сервисна периферија
-заштитни зелени појаси;
-прашина и бучава;
-озеленување на паркинзи;

Зона Г-Пристапни патишта и влезови
-репрезантативни дрвореди на влез во Неготино;
-лозарски пејзажни коридори;
-бренд „град на вино и зеленило“;

### 3.4 Приоритетни програми

Програма 1: Сенка за Неготино
Фокус на улици со најголем пешачки сообраќај:
-булевари;
-Училишни рути;
-здравствен дом;
-пазар;
-автобуска станица;

Програма 2: „Лозарски зелени коридори“
-Зелени патеки кон лозови насади;
-дрвореди за агротуризам;
-велосипедски зелени рути;
-одморалиштасо сенка;
-winte tourism+landscape identity;

### 3.5 Профил на општина Неготино

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарје. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко вардарски

регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 км2 и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м. Територијата на општината Неготино, како дел од областа Тиквеш и Повардарије, е под влијание на медитеранската клима, која продира од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која продира од север, преку Велешката Котлина.



Општина Неготино

### 3.6 Општи карактеристики на општината

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Северна Македонија, во областа на средното Повардарије. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко-вардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче,

на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 км2.

**Координати:** 41°15′ и 41°37′ северна географска широчина и 21°52′ и 20°23′ источна географска должина

**Местоположба:** Неготино е град во Македонија, сместен во средното Повардарие, од двете страни на реката Вардар и зазема значителен простор во Тиквешката Котлина

**Надморска височина:** 150 м

**Површина:** 426,46 $км^2$

**Жители:** 19.212

**Населени места:** 13

### 3.7 Природни карактеристики

Од рудни богатства на територијата на општина Неготино се наоѓа наоѓалиште на јаглен на површина од 60 км2.

Позначајни површински водотеци во општина Неготино се: Војшаничка река, Тимјаничка река, Курјачка река, река Дошница, река Бошавица и река Вардар која поминува низ општина Неготино.

Од животинскиот свет може да се сретнат: дивата свиња, дивиот зајак, срната, волкот, лисицата, еребицата, дивата пајка и други помалку застапени видови.

Покрај реката Вардар се застапени врбата, тополите и некои видови грмушки, додека на повисоките места се сретнуваат дабот, буката, габерот и јасенот. Шумските производите кои се добиваат од дрвото како што се: смола, лико, плута, плодови, семе, лист, мов и др., како и другите шумски производи: лековити и индустриски растенија, шумски плодови, габи, трева се користат односно собираат на неконтролиран и доста стихиен начин.

Неорганските ресурси како што се каменот, песокот, глината и тресетот исто така се експлоатираат на неорганизиран и стихиен начин. Повеќе излетнички места се наоѓаат во општина Неготино, а како најомилено може да се издвои манастирот Св Ѓорѓија.

Во општина Неготино постојат пет ловишта и едно ловно друштво кое има околу 330 членови. Најчесто во општината се ловат следните видови дивеч: див зајак, еребица, гулаб-гривнаш, како дива свиња и лисица.

Во општина Неготино риболовни места се реките Вардар и Дошница кои располагаат со рибен фонд од следниве видови на риба: сом, крап, мрена, клен и белвица.

### 3.8 Население

Споредбените податоци од пописот извршен во 2002 година каде што изнесувал 19.212 жители споредбено со 2021 година изнесува 18.194 жители покажуваат дека бројот на населението во рамките на сегашната Општина Неготино е намален за 1.018 жители или -5.2%.

Општина Неготино ја сочинуваат градот Неготино и селата: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јаношево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеоба.

| | Број на население | Број на домаќинства | Број на станови |
|---|---|---|---|
| Општина Неготино | 18.194 | 6.131 | 7.614 |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база, Попис 2021*

*Табела 1. Вкупно резидентно население, број на станови и домаќинства во*

*општина Неготино,*

*попис 2021*

Општина Неготино како единица на локалната самоуправа, ја сочинуваат 9 урбани и 12 месни заедници кои се дадени во табелава, (некои месни заедници во селата веќе се непостоечки)

| | **Урбани заедници во градот** |
|---|---|
| 1. | Првата урбана заедница ја опфаќа површината со улица „Гоце Делчев“, до пресекот со улица „Илинденска“, продолжува по истата кон автобуската станица „Памела“ се до улица „Маршал Тито“ кон стоковната куќа до пресекот со улицата „Гоце Делчев“ |
| 2. | Ограничена со улица„Гоце Делчев“ се до пресекот со улица „Маршал Тито“, потоа продолжува по улица „Маршал Тито“ до спојот со ул„Индустриска“ се до пресекот „Гоце Делчев“ |
| 3. | Површината помеѓу улиците: на северулица„Маршал Тито“, на источната страна улица „Борис Кидрич“, на јужната и западната страна третата УЗ, а ограничена со границата на градежниот опфат, дефинирана со Генералниот урбанистички план. |
| 4. | Западната страна граничи со улица„Борис Кидрич“ се до пресечената точка со „Маршал Тито“, потоа продолжува по улицата „Маршал Тито“ до пресекот со улица „Ацо Аџи Илов“ до улица “Фемо Кулаков“. Потоа продолжува по улица „Фемо Кулаков“ и завршува со границата на градежниот опфат дефиниран со ГУП. |
| 5. | Се простира помеѓу улиците:„Фемо Кулаков“ на северо |

| | |
|---|---|
| | западната страна, на северосточната страна „Ацо Аџи Илов“ и на југ со границата на градежниот опфат. |
| 6. | Дефинирана со улица „Ацо Аџи Илов“ до просекот со улица „Маршал Тито“, продолжува до улица „Даме Груев“ и завршува со границата на градежниот опфат. |
| 7. | Ограничена со улица „Даме Груев“ на јужната страна, на западната страна со улица „Маршал Тито“ на север со улица „Баба Ана Ташева“ и источната страна е ограничена со границата на градежниот опфат. |
| 8. | Ја опфаќа индустриската зона дефинирана со улица „Индустриска“ до автобуската станица. |
| 9. | Индустриска зона во северниот дел од градот и граничи со УЗ 8; УЗ 1; УЗ 7 и завршува границата на градежниот опфат. |

| | **Урбани заедници во населени места** |
|---|---|
| 1. | Криволак |
| 2. | Пепелиште |
| 3. | Долни Дисан |
| 4. | Вешје |
| 5. | Горни Дисан |
| 6. | Тремник |
| 7. | Војшанци |
| 8. | Дуброво |
| 9. | Курија |
| 10. | Тимјаник |
| 11. | Црвени Брегови |
| 12. | Џидимирци |
| 13. | Калањево |
| 14. | Шеоба |
| 15. | Липа |
| 16 | Пештерница |

## 3.9 Географски карактеристики

Општина Неготино е распространета на површина од 414 km², со надморска височина од 150 м и спаѓа во најниските општини во Република Македонија.

Според просторно географската положба се наоѓа на север од Демиркаписката клисура, источно и западно од реката Вардар ( Средно Повардарие ) на север до Стоби , Северно се граничи со општина Градско и Штип на исток со Општина Конче, западно со општина Кавадарци и Росоман, јужно со општина Демир Капија .

Општина Неготино е раскрсница на многу значајни патишта кои водат север-југ Скопје, Гевгелија, запад-исток Прилеп и Струмица. Низ Неготинската Општина минува автопатот Е-75 Скопје – Гевгелија и железничката линија север - југ.

### 3.10 Релјефни карактеристики

Целокупниот Неготински регион е поделен на ридско – планински како дел од средно Повардарие и дел од Тиквешката котлина.

Територијата ја карактеризираат многубројните плочасти и таласасти зарамнини, а се простира и на повисоки места и планински терени кои се дел од планинските масиви кои го оградуваат подрачјето скоро од сите страни.

Оваа подрачје е со просечна надморска висина од 150 m.

На север , североисток се Градечка планина, Конечна планина и Слан дол кои преставуваат делови од комплексната Серта од југ и југо-запад од огранците на Кожуф и на запад од просторната зарамнина Витачево.

### 3.11 Хидрографска мрежа

Од хидрографски аспект општина Неготино располага со терени на слабо издашни извори. Хидрографската мрежа ја сочинуваат реката Вардар и нејзините притоки. Реката Вардар е најважен воден тек. Таа е најголема и единствена река која иако со променлив водостој, никогаш не пресушува. Најголем водостој има на пролет, кога се топат снеговите и во есен кога врнежите се се почести. Најмала количина на вода има во текот на летните месеци јули и август. Во реката Вардар се слеваат следните површински текови; од десната страна се ерките Дисанска, Тимјаничка. Курјачка, а од левата страна се влева Војшаничка река. Извориштата на реките кои течат на територијата на општина Неготино се наоѓаат на езерската висорамнина Витачево и планината Кожуф. Водостојот на сите овие реки покажува големи осцилации. Највисок е водостојот на пролет, додека во летните месеци се намалува, а некои речни корита пресушуваат, а некои речни корита пресушуваат. Во реката Вардар се влива кај железничката станица Неготино. Оваа река во текот на летниот период скоро наполно пресушува, додека во

пролетниот период може да дотече и како порој. Коритото на Тимјаничка река е регулирано во должина од 1500 м, додека останатите реки не се регулирани. Терените околу Тимјаничка река во градот Неготино имаат висока подземна вода на 1,5 до 2 м, што иницира потреба од дополнителни мерки за нивна заштита. Според извршените геолошки и други дупчења утврдени се подземни водоносни хоризонтали на околу 1 км јужно од градот Неготино на длабочина од 9.3м, на запад на околу 1 км на длабочина од 16 м со капацитет од 5 до 15л/с.

### 3.12 Климатски карактеристики

Специфичната географска и топографска положба на Неготинскиот регион ја карактеризираат и влијанието на средноземноморска клима чија испреплетеност на регионот му дава посебен белег – долги топли лета со високи среднодневни температури и намалено годишно количество на врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци.

Карактеристични за регионот се северозападниот, југозападниот, а поретко северецот и јужниот топол ветер.

Во однос на светлината, Неготинскиот регион се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлосен интензитет што позитивно влијае на фруктификацијата. Врз основа на спроведените истражувања, утврдено е дека подрачјето се карактеризира со околу 270 – 300 сончеви денови. Сончевиот сјај трае 2377 часа годишно. Магла во просек има најмногу 20 дена.

Поради субмедитеранските влијанија од Егејското море и влијанието на континенталната клима, климатските услови во Неготинскиот Регион се карактеризираат со намалено годишно количество врнежи ( 400–600 л/ m²), засилена аридорност, и менлив плувометарски режим со намалена зимска температура.

Судирот на двете климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следните карактеристики:

- просечна годишна температура на воздухот 13,5 $^{0}$
- просечна месечна температура – јули, август
- најниска просечна температура- јануари 1,4 $^{0}$
- апсолутна максимална температура 41,8 $^{0}$
- апсолутна минимална температура -17,8 $^{0}$
-

#### 3.13 Основни карактеристики на земјиштето

Во геолошката градба застапени се карпи од најстариот геолошки период до денес кои се настанати од многу активни тектонски процеси каде доминираат издигнати и расфрлани форми (квартни, седиментни, езерски, глацијални, делувијални и алувијални карпи). Морфолошката структура на почвата е следна: еродирана и ридеста 50%, смолница 20 % и 30% обработлива.

Најзастапени почвени типови на подрачјето на општината се: алувијални, делувијални, алувијално-делувијални, еродирани, скелетни, смолници, варовнички, кафеава почва и др. Поедини делови од земјиштето се трусни и ерозивни.

# 4 АКЦИСКИ ПЛАН 2026-2036

| Мерка | Рок | Носител |
|---|---|---|
| GIS катастар на зеленило | 6 месеци | Урбанизам |
| Попис на дрвја | 1 година | ЈКП |
| 5 км нови дрвореди | 2 години | Комуналец |
| 3 микро паркови | 4 години | Општина |
| Озеленување на училишта | 5 години | Образование |
| Лозарски зелени рути | 6 години | ЛЕР+Туризам |
| 20% повеќе canopy cover | 7 години | Сите сектори |

**KPI индикатори**

-m2 зеленило по жител;

-%крошна во град;

-број нови дрвја;

-survival rate > 85%

-број нови паркови;

-број зелени училишни дворови;

-температура на hot spots;

-број км зелени коридори;

## 4.1 СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ ЗА ЗЕЛЕНИЛО

### 1. Swot анализа

| Strengths (Силни страни) | Weaknesses (Слабости) |
|---|---|
| Поволна клима за лозарство и дрвенести видови отпорни на суша | Недоволна сенка на улици и јавни институции |
| Постојни јавни зелени површини во | Старечки дрвореди |

| | |
|---|---|
| централното јадро | |
| Силен локален бред: вино/ агротуризам | Нецелосен катастар на зеленило |
| Добри пристапни коридори по А1 и регионални патишта | Недоволно системско наводнување |
| Можност за поврзување на градско и рурално зеленило | Нерамномерно зеленило меѓу град и села |

| Opportunities (Можности) | Threats (Закани) |
|---|---|
| ИПА и ЕУ зелени фондови | Суши и топлотни бранови |
| Партнерска со винарии | Болести кај дрвја |
| Агро-туристички зелени рути | Диво сечење |
| Зелени училишни дворови | Урбанизација без компензација |
| Урбани micro-parks | Ерозија на периферни терени |
| Green branding„wine&green municipality" | Недоволно одржување по садење |

## 4.2 ПРИДОБИВКИ ОД ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ

Поврзаноста помеѓу човекот и природата е вткаена длабоко во кодот на човекот уште од почетоците на неговото постоење. Сепак, индустријализацијата и урбанизацијата покажуваат дека оваа врска е нарушена и дека климатските промени се доказ на тоа. Урбанизацијата не може да се запре сосема, но може се спречи уништувањето на природата. Сите градови треба да поседуваат директна врска со вистински природни предели како шуми, езера или планини. Многу градови денес се опкружени со населби и предградија како последица на урбаниот раст и не можат да дојдат во директен контакт со природен пејзаж. Постои ограничување на она што градините и парковите можат да го направат за да ја имитираат природата. Вистинската природа е обликувана од времето и природните сили. Природата обезбедува храна и други залихи за да ги задоволи човековите потреби и нуди заштита од природни катастрофи во урбаните населби. Постојат бројни записи за тоа како животните први забележале земјотреси и побегнале и со нивното ненадејно необично однесување, спасиле многу животи. Природата во близина на градот нуди простор за одмор, па дури и за воена одбрана. Вистинската природа ја истакнува убавината на градот. Најубавите градови секогаш имаат привлечен природен елемент во непосредна близина на самиот град. Односот помеѓу градот и природата е комплексен. Потребна е чувствителност за да се постигне рамнотежа и да се избегне уништување на кревките извори на природата. Природата во урбаните места претставува и учител за природниот тек на животот, покажува сложена геометрија и уметност и ја

зголемува естетска чувствителност кај граѓаните. Истовремено таа го портретира процесот на раст во современото општество кое сака се и веднаш. Многу студии ги истакнуваат позитивните ефекти на природата врз човечкото битие како: храна, кислород, транспирација (испарување од растенијата), собирање на јаглеродот, различни медицински употреби итн. Болните луѓе побрзо закрепнуваат кога гледаат природа и зеленило, а истовремено човековата интелигенција и когнитивните способност се зголемуваат при прошетка во природа или во опкружување со природа. За жал често природата во градовите се сведува на саксиски растенија и се смета само за визуелна декорација. Зеленилото се смета за украс и се мисли дека вертикална градина 14 Урбаното зеленило во градот и архитектурата може да надополни за земјиштето кое се користи како недвижност. Врската помеѓу човекот и природата не смее да се сведе само на визуелна и не смее градините и парковите во градот да се преселат во објекти. Мора да се најде баланс каде човекот и природата би биле застапени на земјата. Оваа пропорција е 1:8, односно значи дека секој еден човек треба да е опкружен со 8м2 природен зелелн простор (позитивен пример за ова е Сингапур).6 Сесил Конинедијк (Cecil Konijnendijk) го предложува „Правилото 3-30-300", како решение за здрава градска населба. Ова значи дека секој треба да може да види барем 3 дрвја од својот дом, училиште или работно место; секое соседство треба да има покривка од крошна на дрвја од 30%; и 300 метри треба да биде максимално растојание до најблискиот висококвалитетен јавен зелен простор.




Слика 1: Правило 3-30-300

Сè повеќе градови низ светот развиваат стратегии кои ги интегрираат климатските промени како централна тема во урбаниот развој. Моменталниот фокус најчесто е насочен кон енергетската ефикасност и одржлива мобилност, преку намалување на потрошувачката на енергија и емисиите на стакленички гасови.

Дополнително, се забележува раст во инвестиции за обнова на постојните објекти, при што старите згради се адаптираат кон современите услови преку примена на енергетски ефикасни и еколошки решенија.

Сепак, многу предизвици остануваат отворени, особено во однос на планирањето зелени површини во густо населени урбани области. Иако постојат иновативни примери на зелени фасади и покриви, овие решенија сѐ уште не се прифатени како стандарден елемент во глобалните практики на урбано планирање.

Бенефитите од урбаните зелени површини може да се максимизираат само преку правилно планирање, проектирање и евалуација. Локалните власти се одговорни за заштита и одржување на постоечките зелени површини. Имено, можеби во даден момент има недостаток на средства за воспоставување на нови зелени површини, и во такви ситуации, најважно е да се заштитат постоечките површини, и да се направат подостапни за повеќе резиденти. Уништувањето на зелени површини би имало негативен ефект како во социјалните, така и во здравствените аспекти.

И покрај вековната фасцинација со градините и децениите садење дрвја за да се запре влошувањето на животната средина, визијата на човештвото за хармоничен однос со природата, сѐ уште е далеку од остварување. Градовите брзо стануваат пренатрупани, а урбанистичкото планирање достигнува точка на неповратна реверзибилност. Создавањето повеќе градини и паркови станува сѐ поневозможно, додека вертикалното озеленување и зелени покриви се нудат како алтернатива. Човекот се обидува да ја вметне природата во градот преку вертикални градини и кровни градини, како компромис помеѓу градот и природата. Иако вертикалните и кровните градини не можат да ги заменат шумите и парковите, имаат корисни карактеристики кои може да имаат позитивен допринос кон животната средина, посебно во густите урбани јадра.




## 4.3 Геолошки карактеристики

Геолошкиот состав, како резултат на тектонските движења изразито е сложен, односно го сочинуваат алувијално-делувијалните седименти, неогена песоклива серија, неоген бигровит, варовник , квартерни песоци, чакали , агломеративен туф, туфови и бречи.

Неготино и околината јужно и југоисточно лежи на делувијални наслаги (лесоидни глини , глинести песоци и глинести агломерати)

Максималната регистрирана јачина на поместување на тлото на територијата на општина Неготино изнесува $7^0$ по МЦС.

Расадот на кој се простира Неготинската котлина го потврдуваат и тектонските активности (земјотреси) и се наоѓа во зона на 8 степени по меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Теренот според инженерско геолошките карактеристики е претежно стабилен со постојани физичко-механички својства кои не подлежат на битни

измени под влијание на надворешните фактори ниту при делување на човекот.

## 4.4 Пошуменост и друга вегетациска покриеност

Подрачјето на општина Неготино е релативно добро пошумено, застапени се поголем број на видови на шума (даб, бука, бел и црн бор, габер, бреза, ела и други видови. Исто така застапена е и друга вегетација (овошни и лозови насади и др.).

На подрачјето на град Неготино евидентирана е вкупна паркова површина од 118.274 м2, од кои тервнатите површини се застапени со 10.580 м2 и 1066 разни грмушки, 639 зимзелени дрвја, 1954 листопадни дрвца, 439 дрвја употребени за дрвореди на улиците, 1434 м2 жардињери со сезонско и трајно цвеќе и 3000 м2 разни стази. Парковите површини сеуште не задоволуваат бидејќи во најголем дел парковите површини се зафатени со дворните места на индивидуалните и колективцни станбени објекти. Со цел зголемување на зелените површини во општината преземени се низа активности.




Тековна состојба на зеленилото дадено за постоечкиот ГУП

**Зелени површини се претставени во следната табела:**

| р.б. | Назив на објектот | Вк.пов. | Зимзел. садници | Листопад. садници | Грмушки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1. | Парк кај спортска сала | 49.080м$^2$ | 263 | 865 | 197 | 1325 |
| 2. | Спомен костурница | 17.970м$^2$ | 35 | 273 | 141 | 449 |
| 3. | Парк- Собрание | 2.500 м$^2$ | 86 | 44 | 45 | 175 |
| 4. | Антигона 1 | 3580 м$^2$ | 53 | 70 | 33 | 156 |
| 5. | Кај Булевар М.Тито | 6.630 м$^2$ | 22 | 31 | 77 | 130 |
| 6. | Кај Полиција | 2.520 м$^2$ | 20 | 25 | 14 | 59 |
| 7. | Кај Музеј | 5.080 м$^2$ | 25 | 15 | 60 | 100 |
| 8. | Кај спом.М.Малим. | 8.000 м$^2$ | 17 | 126 | 157 | 300 |
| 9. | Жардин.град.плош. | 1.370 м$^2$ | 90 | 26 | 109 | 225 |
| 10. | Жардин. С.Пинцур | 64 м$^2$ | 6 | 9 | 49 | 64 |
| 11. | Дет.играл.-кај музеј | 1.760 м$^2$ | 22 | 31 | 184 | 237 |
| 12. | Дрворед Партизанска | 2.000 м$^2$ | | 115 | | 115 |
| 13 | Дрворед од бул. до ул.Партизанска. | 4.000 м$^2$ | | 266 | | 266 |
| 14. | Градски стадион | 8.000 м$^2$ | | | | |
| 15. | Дрворед на ул.Пекарев-Борис Кидрич-стара чаршија | 800 м$^2$ | | 58 | | 58 |
| 16 | Парк-Град.порта | 1.800 м$^2$ | | | | |
| 17 | Парк-Монопол | 1.200 м$^2$ | | | | |
| 18 | Парк Тимјаник | 1.300 м$^2$ | | | | |
| 19 | Фонтана Општина | 10 м$^2$ | | | | |
| | садење сезонско цвеќе | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | прашење | | | | | |
| | плевење | | | | | |
| | кастрење грмушки | | | | | |
| 20 | Фонтана градски плоштад | 100м$^2$ | | | | |
| 21 | Фонтана Дом на култура | 10 м$^2$ | | | | |
| 22 | Парк Саат кула | 14.000м$^2$ | 52 | 57 | 55 | |
| 23 | Парк на ул.Фемо Кулаков | 1.600м$^2$ | 60 | 6 | | |
| 25 | Страна спроти суд,стар суд,нов суд,Зорка цвеќара,чауш,пред Кино | 1590м$^2$ | | | | |
| 26 | Фудбалско игралиште кај спортска сала-ново | 8000 м$^2$ | | | | |
| 27 | Чистење речно корито | 2110м$^2$ | | | | |
| 28 | Чистење кеј лева и десна патека | 8440м$^2$ | | | | |
| 29 | Парк Стопанска Банка косење | 500м$^2$ | | | | |
| 30 | Жардинерии Неготинки косење | 950м$^2$ | | | | |
| 31 | Споменик Јован Димитров до Хотел Gray Star | 1955м$^2$ | | | | |
| 32 | Ул.12Ваташки другари(скали под продавница Весна) | 400м$^2$ | | | | |
| 33 | Парк 8 Ноември | 3123м$^2$ | | | | |
| 34 | Ул.Фемо Кулаков(од игротека Дримленд до Тимјаник) | 1920м$^2$ | | | | |
| 35 | Триаголник Саат кула до аптека Врв златен | 420м$^2$ | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | лист | | | | | |
| 36 | Зелен појас под згради Саат кула до градинка Фемо Кулаков | 5948м$^2$ | | | | |
| 37 | Асфалтиран пат до населени места(Д.Дисан,Војшанци,Курија,Ц.Брегови) | 44000м$^2$ | | | | |
| 38 | Речно корито с.Војшанци | 3467м$^2$ | | | | |
| 39 | Зелен појас околу Социјална зграда | 1520м$^2$ | | | | |
| 40 | Парк во С.Тремник | 5000м$^2$ | | | | |
| 41 | Парк во С.Војшанци | 3650м$^2$ | | | | |
| 42 | Парк во С.Курија | 2000м$^2$ | | | | |
| 43 | Парк во С.Пепелиште | 800м$^2$ | | | | |
| 44 | Парк во С.Криволак | 1000м$^2$ | | | | |
| 45 | Парк во Д.Дисан | 1000м$^2$ | | | | |
| 46 | Парк во Ц.Брегови | 600м$^2$ | | | | |
| 47 | Патот до с.Калањево | 20000 м$^2$ | | | | |
| | **Вкупно** | **251.767м$^2$** | **751бр.** | **2017бр.** | **1121бр.** | **3659бр.** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Во прилог фотографии од секоја зелена површина во градот

Парк спортска сала со површина од 49.080 м2



Панорама Спортска сала



Чемперс (Cupressus)

Се смета за полифилетска група, а согласно генетските и морфолошките анализи, припаѓа на потсемејството чемперси. Постојат во многу облици, големини и бои, присутни во паркови и градини ширум светот. Во Македонија се одгледуваат два вида на чемперс: обичниот (C.sempervirens) и аризонскиот (S.arizonica). Расте како зимзелено дрво или голема грмушка, со височина од 5 до 40 м. Летораститите се лушпести, долги од 2 до 6 мм и распоредени во спротицни наизменични парови,

траејќи три до пет години. Кај помладите растенија до старост од 2 години, листовите се иглести и долги по 5-15 мм. Доста видови чемперси се приспособени на шумски пожари, чувајќи ги семките во шишарките се додека не изгори дрвото на кое се наоѓаат.

Јасен (*Fraxinus*)

Род на цветни растенија од семејството на маслинките (*Oleaceae*). Опфаќа 45-65 вида на средни до големи дрва кои се претежно листопадни, со неколку суптропски зимзелени видови. Листовите се спротивно поставени и непарно перести, но и прости кај неколку вида. Семето се содржи во плодови кои се крилести оревчиња.

Во Република Македонија, како автохтони се застапени белиот или обичен јасен (*F. excelsior*), полскиот јасен (*F. angustifolia*) и црниот јасен (*F. ornus*)

Јасеновото дрво е тврдо и, со значајна жилавост и голема цврстина, но сепак свитливо. Поради тоа се користи за изработка на лакови, рачки на алат, бејзбол-палки и други видови прачки што бараат голема сила и издржливост.

Честопати јасеновото дрво се користи за изработка на електрични гитари, тапани и куќна столарија, и се добива фурнир за канцелариски мебел. Од него не се изработуваат предмети што стојат на отворено бидејќи срцевината не издржува контакт со земја и гние во рок од пет години.

Во столарството, јасеновото дрво се смета за мошне погодно поради пријатниот конечен изглед, лесна обработка со струк и згодно за шајки, завртки и лепила. Во минатото, каросеристите правеле трупови за кочии и автомобили, кои биле предвидени да се свиткуваат за амортизација. Од истата причина, јасенот бил многу важен за изработка на авиони во раните години на воздухопловството.

Јасенот е мошне ценет и како огревно дрво, ќумур и како дрвен материјал за чадење. Од внатрешната кора на синиот јасен (*F. quadrangulata*) порано се добивала сина боја.

Парк спомен костурница со површина од 17.970 м2



**Ела** или **елка** (науч. *Abies*) — род што опфаќа 48–55 вида на зимзелени иглолисни дрва од семејство на боровите (*Pinaceae*). Се среќава во планинските краишта на најголемиот дел на Европа, Азија, Северна и средна Америка и Северна Африка. Најсродно дрво на елата е кедарот (*Cedrus*).

Сите домородни видови достигнуваат височина од 10–80 м и пречник на стеблото од 0,5–4 м. Елите се разликуваат од другите членови на семејството на боровите по тоа што иглестите листови се држат на стебленцето со основата налик на вакуумска лепенка. Друга заедничка одлика се исправените цилиндрични шишарки долги 5–25 см што се распаѓаат и испуштаат крилести семиња кога ќе узреат. Видовите се распознаваат по големината и распоредот на листовите, големината и обликот на шишарките, и по тоа дали малите лушпички се долги и издадени или кратки и скриени во шишарката. Шишарките се плодови на елите.

**Дива маслинка** (научно: ***Elaeagnus angustifolia***) — вид на родот *Elaeagnus*, домородна во западна и средна Азија, Иран, од јужна Русија и Казахстан до Турција, делови од Пакистан и делови од Индија. *Elaeagnus angustifolia* е обично трнлива грмушка или мало дрво кое расте до 5-7 м во висина. Нејзините стебла, пупки и лисја имаат густа обвивка од сребрени до ’рѓосани лушпи. Листовите се наизменични, ланцетни, 4-9 см долги и 1-2.5 см широки, со мазна маргина. Растенијата почнуваат да цветаат и да плодат од 3 години. Високо ароматичните цветови, создадени во здружени единки од еден до три, се 1 цм долга со четирислојна кремаста жолта чашка; тие се појавуваат на почетокот на летото и се проследени со грстови на плодови, мала рогашка слична на цреша 1-1.7 цм долга, портокалово-црвена покриена со сребрени лушпи. Плодовите се околу 1 цм широки и слатки, иако со сува, јадлива текстура.

Видот е воспоставен и размножуван првенствено со семе, со одредено вегетативно размножување кое исто така се случува. Гранките имаат трње што може да биде 2-7 цм долги.

**Грмушка** или **џбун** е растение кое се разликува од дрвото по тоа што има повеќе стебла и низок раст, обично под 5–6 м во висина. Голем број на растенија можат да станат грмушки или дрва, зависно од животните услови. Малите ниски грмушки како лавандата, зелениката и мајчината душичка напати се нарекуваат полугрмушки.

Кога се украсно поткаструвањење (топијар), грмушките го згуснуваат лисјето и добиваат поголем број на помали гранки што растат блиску една до друга. Најзастапен пример за ова е живата ограда (*Buxus*). Со потсекување на грмушката до пенушка се добиваат нови долги стебла.

Грмушките се мошне застапени во градинарството како широколисни растенија, иако има и помали четинари со грмушест облик како клекот и смреката. Гмушките можат да бидат листопадни или зимзелени.

Парк собрание со површина од 2.500 м2





**Јаворот** (науч. *Acer*) е род на дрва од семејството сапунови (*Sapindaceae*). Опфаќа околу 113 видови, препознатливи по своите вкрстени листови, симетрично ослободени со цветови. Расте до височина од 35 метри, а распространет е во Средна, Западна и Јужна Европа, Северна Америка, Кавказ, северниот дел на Мала Азија и на Далечниот Исток. Крошната му е широко заоблена, а дебелината на стеблото може да достигне и преку 1 метар и обично е кратко и обраснато со црвеникаво-кафеава кора која се лупи плочесто. Листовите се долги 8 - 16 см, широки, одозгоре темнозелени, а одоздола нешто посветли. Цветовите се

жолтеникаво-зелени, во кратки висечки метлички. Цвета десет дена по пролиствањето во мај. Котиледоните му се јазичести, одозгора заоблени, одоздола клинести со паралелна надолжна нерватура.

Обично посадените видови се: сикамура, црвен јавор, шеќерен јавор и норвешки јавор кои растат во Северна Америка и Европа. Азиските видови од своите западни роднини се разликуваат по коренот. Некои се мали како џбунови, некои се зимзелени, а некои имаат сосема изобличени листови.

**Туја** (науч. *Thuja occidentalis*), познато и како северен бел кедар, е иглолисно дрво, кое е автохтоно за источна Канада и поголемиот дел од северноцентрални и источни САД. Често се одгледува како украсно растение.За разлика од западниот црвен кедар, северниот бел кедар е мало до средно растение, кое расте до 15 метри, со 0,9 метри пречник на труп. По исклучок може да порасне до 38 метри, со 1,8 метри пречник на труп.

Антигона 1 со површина од 3.580 м2




**Полски Јасен** (науч. *Fraxinus angustifolia*) — род на цветни растенија од семејството на маслинките (*Oleaceae*). Опфаќа 45-65 вида на средни до големи дрва кои се претежно листопадни, со неколку суптропски зимзелени видови. Листовите се спротивно поставени и непарно перести, но и прости кај неколку вида. Семето се содржи во плодови кои се крилести оревчиња.

Во Република Македонија, како автохтони се застапени белиот или обичен јасен (*F. excelsior*), полскиот јасен (*F. angustifolia*) и црниот јасен (*F. ornus*).

Долж „Маршал Тито“ со површина од 6.630 м2



**Магнолија** (науч. *Magnolia*) — род скриеносемени растенија од семејството магнолии (Magnoliaceae), со повеќе од 200 вида. Таа е позната по своите големи, мирисливи цветови и една од најстарите видови растенија на Земјата. Магнолијата е симбол на убавина, достоинство и природна елеганција. Многу видови и хибриди на магнолија се одгледуваат како украсни растенија низ целиот свет.

Магнолијата може да биде зимзелено, листопадно дрво или грмушка. Кората е пепелаво-сива или кафеава, мазна, со лушпеста или набраздена структура. Изданоците имаат големи белези од лисјата и тесни, прстенести белези од прилисниците.

Пупките се крупни, тесноконусни или вретеновидни, покриени со 1 или 2 лушпи. Лисјата се крупни, најчесто елипсовидни или обратнојајцевидни, целокупни, со пересто жилиште; вторичните жили, не достигнувајќи го работ на листот, се спојуваат. Прилисниците го обвиваат младиот лист.

Цветовите се дvopолови, обично многу крупни, мирисливи, бели, кремасти или виолетови, поединечни и крајни. Околуцветникот се состои од трилисна чашка и 6–9–12 венечни ливчиња, поставени во преклопени редови во 2, 3 или 4 круга. Прашниците и толчниците се бројни, собрани на вретеновидна, издолжена цветна ложа. Поленот е еднобразден, што е знак на неговата примитивност, и има издолжен облик.

Цветовите на многу видови се прилагодени за опрашување од тврдокрилци. Кај овие видови, устенцата (лат. *stigma*) на толчниците се способни за опрашување уште додека цветот е во пупка, но ја губат оваа способност по

отворањето. Бумбарите можат да влезат во цветот пред тој целосно да се отвори и да учествуваат во процесот на опрашување.

Плодот е шишкообразно сложено ливче, составено од голем број ливчиња што содржат 1–2 семиња и се отвораат по грбниот шев. Семињата се клинесто-јајцевидни, триаголни, црни, со мал зародок потопен во маслен ендосперм и со месеста црвена или розова семена обвивка, која, при отворањето на ливчињата, виси на тенки семени нишки.



Близу полиција со површина од 2.520 м2



Зимзелено растение е она растение што ги задржува лисјата во сите годишни времиња, за разлика од листопадните растенија, чие зеленило паѓа на есен и остануваат голи во зимата или сувата сезона.

Постојат најразлични видови на зимзелени растенија, кои може да бидат дрва или грмушки:

Покрај ова, особен случај е африканското голосемено растение велвичија. Ова растение има само два листа што постојано растат додека е живо растението, но постепено се абат на врвовите. Во овој случај едно исто лисно ткиво трае 20–40 години.

Трајноста на листовите кај зимзелените растенија се движи од неколку месеци (постојано растат нови како што паѓаат старите листови) до неколку децении (над 30 години кај долговечниот бор).



Музеј - површина од 5.080 м2



Елка

Дрворед партизанска - површина од 2.000 м2



Јасенот (Fraxinus) е многу распространето дрво и претставува вистински украс на природата, како во планинските, така и во

рамнинските предели. Неговиот природен раскош најдобро може да се забележи во пролет, односно во месеците мај и јуни, кога расцветува со убави бели и жолтеникави широки цветови, кои ја покриват, речиси, целата крошна на растението. Можат да се сретнат десетици видови јасен со различна големина на крошната и дебелина на коренот. Може да достигне височина и до 35 м, па дури и до 60 м. Има силен корен и цврсто се држи на различни геолошки подлоги. Неговото дрво е цврсто и жилаво, но свитлив состав, а кората на дрвото е мазна и со сива боја, слична на бојата на пепета. Плодовите на јасенот се крилести оревчиња кои содржат семе. Плодовите зреат во септември-октомври, но паѓаат на земјата само во зима или во рана пролет. Поради големата количество на масти и протеини плодовите на јасенот ги користат во исхраната многу видови птици и глодари.

Дрворед Пекарев- Б.Кидрич- стара чаршија - површина од 800 м2




**Липа** (науч. *Tilia*) — род од семејството на слезовите (*Malvaceae*) со околу 30 вида на дрва автохтони во умерените предели на северната полутопка.

Ова се големи листопадни дрва со височина од 20-40 м и дршкести срцевидни листови со пречник од 6-20 см. Точниот број на видови е непознат бидејќи самите лесно се вкрстуваат и во природата и кога се одгледуваат. Сите се двополови (цветовите имаат и машки и женски делови) и се опрашуваат со инсекти.

Во Македонија автохтони се ситнолисната (*T. cordata*), големолисната (*T. platyphyllos*) и сребренолисната липа (*T. tomentosa*).

Липата има дебело исправено стебло како столб, а гранките се расчленуваат на повеќе ограноци со мазни дебели гранчиња. Лете има обилно зеленило од големи листови.

Листовите се несиметрични, со облик на срце, а плодот е мал и зрнест, сврзан со жолтозелен прицветник што игра улога на крило. Нови растенија можат да се добијат со пресекување или од семка. Во плодна почва растат бргу, но подложни се на напад од многу разни инсекти. Семката мора да се посади штом ќе падне, во спротивно бргу се суши и оди во состојба на мирување која трае цели 18 месеци.

Саат кула - површина од 14.000 м2



Црвенолисната слива (Prunus cerasifera, декоративна форма) е украсно листопадно дрво кое привлекува внимание со својата уникатна боја на листовите. Листовите се темноцрвени до виолетови и се сјајни, со елипсовидна до заоблена форма. Дрвото има компактна крошна, која може да биде округла или благо распростанета, и достигнува висина од околу 3–6 метри во зависност од сортата и условите на растење.

Пролетта се појавуваат мали, нежни цветови, розеви или бели, кои растат во гроздови и ја красат градината пред појавата на листовите. Плодот е мал, округол и црвен или темноцрвен, сличен на кајсија, но

најчесто декоративните сорти се не-плодни или плодовите се мали и нејадливи.

Црвенолисната слива е отпорна на разни климатски услови, но најдобро расте на сончеви позиции со добро дренирано тло. Се користи во паркови, градини и како декоративна алка за улици поради својата боја и компактна форма.



Туја

Парк Тимјаник - површина од 1.300 м2



Златеста смрча (Picea abies 'Aurea')

Златеста смрча е иглолисно дрво со пирамидален облик и густо разгрането стебло. Името го добива поради својата уникатна боја на иглите, кои се светло зелени до златести, особено на сонце. Ова дрво е украсна сорта на обичната смрча (Picea abies), ценета заради декоративниот ефект кој го создава во паркови, градини и на јавни површини.

Игли и гранки:

Иглите се кратки, игловидни и остри, со должина од 1 до 2 cm. Во текот на летото имаат златеста нијанса, додека во зимскиот период бојата може да потемни, но сепак останува поразлична од стандардните зелени смрчи. Гранките се хоризонтално поставени и густо разгранети, што создава пирамидален или конусен облик на дрвото.

Раст и големина:

Златестата смрча расте умерено до бавно. Може да достигне висина од 10 до 20 метри и ширина од 3 до 5 метри, зависно од условите на животната средина и возраста на дрвото. Поради умерената брзина на раст, е погодна за декоративни насади и за создавање структури во пејзажната архитектура.

Услови за раст:

Светлина: Полн сончев местоположба до делумна сенка.

Почва: Добро дренирана, кисела до неутрална. Не толерира премногу влажна или тешка почва.

Вода: Умерено наводнување, особено во суви периоди.

Клима: Може да биде чувствителна на силни ветрови и екстремно високи температури, особено кога е млада.

Употреба:

Златестата смрча се користи главно како декоративно дрво во градини, дворови и паркови. Често се садат поединечно како акцент или во групи за создавање визуелни ефекти. Благодарение на уникатната боја на иглите, е популарна за тематски насади и зимски декорации.

Фонтана пред општина - површина од 1.300 м2



Туја



Елка туја

## 5 ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Со општите услови се дефинира уредувањето на просторот во планскиот опфат за да се реализира во се спрема важечката законска регулатива - Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16 и бр.64/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско- урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ, бр.142/15), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Процентот на озеленетост е планска одредба во урбанистичкиот план во рамки на градежната парцела, блокот или четврта. Процентот на озеленетост на ниво на урбана единица се добива кога ќе се соберат сите предвидени озеленувања во урбаната единица (јавно зеленило и зеленило планирано во пооделни градежни парцели).

Д1 – ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

Во оваа основна класа спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, парк-шуми, градини, ботанички бавчи, тревнати терени за рекреација, фитории и слично.

Вкупната површина на основната класа на намена Д1- Парковско зеленило 6,2 хектари, односно 2% од вкупната површина на планскиот опфат.

Д2 – ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Во оваа основна класа спаѓаат сите видови уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони.

Вкупната површина на основната класа на намена Д2- Заштитно зеленило 9,3 хектари, односно 3% од вкупната површина на планскиот опфат.

Д3 – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Во оваа основна класа спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт и рекреација и забава на отворено без трибини или со трибини на природни или планирани земјени косини најмногу за 3000 посетители и сл.

Вкупната површина на основната класа на намена Д3- Спорт и рекреација, изнесува 15,56 хектари, односно 4% од вкупната површина на планскиот опфат.

Д4 – МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Во оваа основна класа спаѓаат меморијален парк, спомен парк, верски објекти со гробишта, гробишта и слично.

Вкупната површина на основната класа на намена Д4- меморијални простори, изнесува 8,45 хектари, односно 2% од вкупната површина на планскиот опфат.

| Група на класи на намени | Поединечни класи на намени | Површина (ха) | Процент на учество во рамки на групата на класа на намена | Процент на учество во однос на површината на планскиот опфат |
|---|---|---|---|---|
| **Д** Зеленило и рекреација | Д1-Парковско зеленило | 6,2 | 15% | 2% |
| | Д2-Заштитно зеленило | 9,3 | 23% | 3% |
| | Д3-Спорт и рекреација | 15,65 | 39,07% | 4% |
| | Д1,Д3-парковско, спорт и рекреација | 0,45 | 1.12% | |
| | Д4-Меморијални простори | 8,45 | 21% | 2% |
| | Вкупно | 40,05 | 99,19% | 11% |

*Процент на учество на површината на планскиот опфат наменета за зеленило и рекреација*

Со посебно внимание се обработуваат автохтоните видови карактеристични за тиквешкиот регион, како и интенционално внесените декоративни или интродуцирани растенија кои се адаптирани на локалната клима. Во рамките на документот, исто така, ќе се направи поделба по ботанички групи:

- Дрвја (листопадни и зимзелени видови)
- Грмушки (декоративни, заштитни и плодни)
- Цвеќиња и тревести растенија (едногодишни, повеќегодишни, покривки)

Овој сегмент од Зелениот катастар има за цел да обезбеди основа за планирање на идни интервенции во зелените површини, вклучително и заштита, унапредување и дополнително пошумување, согласно стратешките приоритети за одржлив урбан развој.




Приказ на дрва, грмушки и останато зеленило

## 6. ВИЗИЈА, ЦЕЛИ И ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА УРБАНОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО

### Визија

Урбаното зеленило претставува клучен елемент во уредувањето на градовите и општините, овозможувајќи подобрување на квалитетот на животот, заштита на животната средина и адаптација кон климатските промени. Во последните години, поради зголемената урбанизација во Општина Неготино доведоа до зголемен притисок врз постојните зелени површини. Соочени со овие предизвици, потребно е систематско планирање и инвестирање во унапредување на урбаното зеленило преку јасна визија, долгорочни стратешки цели и следење на индикатори.

Во таа насока град Неготино може да биде зелен, здрав и одржлива урбана заедница каде урбаното зеленило е интегриран дел од животната средина, и ќе придонесе за квалитетот на животот, биодиверзитетот и адаптацијата кон климатските промени.

Оваа визија ги одразува стремежите на општината кон создавање на хуман урбан простор, базиран на принципите на еколошка одржливост, заштита на природата и вклучување на граѓаните во планирањето на просторот.

### Стратешки цели

Остварување на визијата Општина Неготино да се развие во одржлив и зелен град, со добро поврзана мрежа на квалитетни, достапни и атрактивни зелени површини, кои ќе придонесуваат за здравјето, благосостојбата и квалитетот на живот на граѓаните и посетителите, истовремено штитејќи ја животната средина и зачувувајќи го биодиверзитетот. Со спроведувањето на реалната визија, ќе се обезбеди и усогласеност со законската норма за минимум 25 $m^2$ зелен простор по жител.

Стратешките цели за исполнување на Стратегијата се:

**Цел 1: Зголемување на површините под урбано зеленило**

- Идентификација на неискористени јавни површини погодни за озеленување.
- Развивање на нови паркови, зелени зони и мали урбани градини („џебни паркови“).
- Интегрирање зелени зони во новите урбанистички планови.

Тимот составен за стратегија на зеленилото во општина Неготино спроведе детална анализа за приоритетите во нашата општина.

-Парк 8ми ноември;

Паркот веќе е постоечки, со изградени пешачки патеки со бекатон, модерни канделабри, клупи за одмор, корпи за отпадоци, скалници, летниковци, чешми, шах маси, лулашки. Овде останува уште хортикултурното уредување.

-Парк во веќе постоечката градинка „Мајски цвет“ каде што има дел кој не е искористен;

-Парк саат кула (на крајот од зградите);
-Уредување на паркот во спортската сала;
-Поставување на садници низ градот на општината;
-Стара чаршија;
-Поставување на дрворед до пешачката патека до Тимјаничката цуцка;
-Парк во старата гимназија;
-Уредување на населени места;
Тимјаник доуредување на парк во центарот на селото;
Тремник обновување на дел од дрвата во постоечкиот парк позади училиштето;
Пепелиште садење на дрва во постоечкиот парк;
Војшанци садење на дрворед покрај речното корито;
Криволак уредување на централното подрачје со ново зеленило;
Долни Дисан доуредување на постоечкиот парк во централното подрачје;

**Цел 2: Одржливо управување со постојното зеленило**

- Воведување на современи системи за наводнување и енергетска ефикасност.
- Користење на органски материјали и намалување на употреба на хемикалии.
- Воспоставување редовна програма за одржување и санација.

**Цел 3: Зголемување на биолошката разновидност**

- Садење на автохтони и ендемични растителни видови кои се отпорни на суша.
- Поттикнување на екосистемски услуги преку различни типови на зеленило (рекреативни паркови, дрвореди, кровни градини, вертикално зеленило).
- Поврзување на зелени површини преку „зелени коридори".

**Цел 4: Активно вклучување на граѓаните**

- Организирање едукативни кампањи, акции за садење и натпревари за уредување на јавни површини.
- Вклучување на училиштата и младите во развој на локални еколошки иницијативи.
- Поддршка на граѓански здруженија и јавни партнерства.

**Цел 5: Интеграција на зеленилото во урбанистичко планирање**

- Воспоставување на минимални стандарди за зелени површини по глава на жител.
- Користење на ГИС-технологии за мапирање и управување со зеленилото.
- Вклучување на екологисти, урбанисти и архитекти во планирањето.

Стратегијата ги следи дефинициите на типови на зеленило согласно закон, како што се: Зелен катастар, Парк, Парк-шума, Зелен плоштад, Дрворед, Зелен коридор, Заштитно зеленило, Неуредено зеленило и Оштетено дрво, како и насоките од Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 205 од 07.10.2019).

Со стратешкиот документ, кој ќе биде донесен од страна Советот на Општина Неготино ќе се добие јасно дефиниран и остварлив долгорочен и одржлив план за управување со зелената инфраструктура.

Клучот за успехот лежи во синергијата, односно во сеопфатниот и сестран пристап кон решавање на проблемите, користење добри практики и сето тоа преку партнерство меѓу локалната самоуправа, научните институции, организации, јавните претпријатија, граѓанскиот сектор и самите граѓани. На овој начин, се постигнува поголема транспарентност и подобрување на транспарентноста и распределбата и искористувањето на ресурсите, каде градот станува катализатор за промени, а не само давател на услуги.

Со имплементација на Стратегијата, во наредните години, Неготино ќе

стане град со добро испланирана мрежа на атрактивни, лесно достапни, зелени површини, кои ќе бидат важен дел од секојдневието и значително ќе придонесуваат за квалитетот на животната средина.

Стратегија за зеленило во Гоцевата шума во Неготино може да се насочи кон одржливо управување, зачувување на биодиверзитетот и подобрување на квалитетот на живот за локалното население.

## 7. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОШУМУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ГОЦЕВАТА ШУМА – НЕГОТИНО

Гоцева шума претставува значајно природно и рекреативно подрачје во непосредна близина на Неготино, кое има големо значење за локалното население и развојот на туризмот во регионот. Оваа шума е едно од најпознатите излетнички места во Тиквешкиот крај, привлекувајќи посетители од различни возрасти, особено за време на викендите и празниците.

Локациски, Гоцева шума се наоѓа на неколку километри од градот, што ја прави лесно достапна како за пешаци, така и за посетители со возила. Нејзината близина до урбаната средина, а истовремено и оддалеченоста од градската бучава, создава идеални услови за одмор и релаксација во природна средина. Шумата е формирана преку планско пошумување и се состои претежно од борова вегетација, како и други автохтони и други видови дрвја и растенија. Оваа разновидност придонесува за подобрување на квалитетот на воздухот и создавање на специфична микроклима, која е особено пријатна за престој во топлите летни месеци. Воедно, просторот претставува и живеалиште за различни видови птици и мали животни, што дополнително ја збогатува неговата природна вредност.

